**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за сообраќај**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за сообраќај по овластување на градоначалник**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А

**за определување на износ за субвенционирање на жители на градот Скопје, за купено ново еко возило на хибриден или електричен погон**

Скопје, март 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија број 05/02), и Програмата на активности од областа на сообраќајот на подрачјето на Град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/22), Советот на Град Скопје, на __________ седница, одржана на ___________ 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на износ за субвенционирање на жители на градот Скопје, за купено ново еко возило на хибриден или електричен погон**

**Член 1**

Со оваа одлука, Град Скопје го определува износот за доделување на субвенција на жителите на градот Скопје, за купено ново еко возило, во 2023 година, на хибриден или електричен погон.

**Член 2**

Износот на субвенцијата за купено ново еко возило на хибриден или електричен погон се утврдува во износ од 200.000,00 ( двестаилјади) денари со вклучен данок на личен доход, по лице и истите ќе се исплаќаат се до исцрпување на средствата предвидени за таа намена.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година со вкупен износ од 5.000.000,00 (петмилиони) денари.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на субвенција на жителите на градот Скопје, за купување на ново еко возило на хибриден или електричен погон.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _________
_________2023 година
Скопје

С О В Е Т  Н А  Г Р А Д  С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на оваа одлука е членот 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), и Програмата на активности од областа на сообраќајот на подрачјето на Град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје" бр.18/22), согласно кој Советот на Градот Скопје е надлежен да одлучува за донесување на ваков вид на одлуки.

Според податоците од Министерството за животна средина и просторно планирање емисијата на загадувачки супстанци во воздухот потекнува од скоро сите економски и социјални човекови активности, а сообраќајот продолжува да биде значаен извор на емисија на високи количества загадувачки супстанци. Значаен удел во загадувањето има согорувањето на горивата во моторните возила. Согорувањето на фосилните и биогоривата кај моторните возила исто така го намалуваат квалитетот на амбиентниот воздух бидејки дополнително емитираат и ПМ честички кои достигнуваат високи концентрации во градот Скопје.

Со донесувањето на предложената одлука Советот на Градот Скопје во рамките на своите законски надлежности придонесува кон подобрување на превозот со што се намалуваат емисиите на штетните честички во воздухот и се унапредува животната средина со што ке имаме почисто и модерно Скопје.

Со предложената одлука, Советот на Град Скопје го определува износот за субвенционирање на жители на градот Скопје, за купено ново еко возило на хибриден или електричен погон во износ од 200.000,00 (двестаилјади) денари со вклучен данок на личен доход, по лице и воедно го овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на субвенцијата.

Средствата за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година со вкупен износ од 5.000.000,00 (петмилиони) денари.

Од наведените причини се предлага Советот на Град Скопје да ја усвои одлуката за определување на износот за субвенционирање на жители на градот Скопје, за купено ново еко возило на хибриден или електричен погон.